


Учење на божествениот Максим

Од десно на Бог и Отецот е Синот, од десно на Синот и Логос е Духот, од десно на Духот и наш Бедем е Бог и Отецот. И обратно: од лево на Бог и Отецот е Духот свет и Бедем, од лево на Духот свет и Бедем е Синот и Логос, од лево на Синот и Логос е Бог и Отец. И повторно: од Отецот преку Духот минувајќи, стојам пред Синот, и од Отецот преку Синот стигнувам до Духот, и од Синот – кон Отецот преку Духот, и од Синот кон Духот преку Отецот, и од Духот преку Синот кон Отецот, и од Духот преку Отецот кон Синот.